Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Советот на Општина Новаци,** на ден _______2011., донесе:

**П Р Е Д Л О Г**
**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Проект за инфраструктура реконструкција на водоводна мрежа во с. Далбеговци** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци** - **www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Проект за инфраструктура за реконструкција на водоводна мрежа во с. Далбеговци нема да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Членот 65 став (2) од Законот за животната средина предвидува дека Стратегиска оцена се спроведува на плански документи од повеќе области со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина, а во предметниот плански документ се создава основа за изведување на водоводна мрежа која е предвидена со Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Градот Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје („Сл. весник на РМ“ бр. 80/09).

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр._________
Н о в а ц и

**Име и презиме**
**_________________ с.р.**
**Лазар Котевски**
**Градоначалник**

**Изготвиле,**

________________________
**Лиљана Најдовска, диа**

________________________
**Анѓелка Ангеловска, диа**